РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Бр. 04-7303/3
15-11-2018 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ", број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), државниот секретар на министерството за финансии донесе

# ОДЛУКА
## за избор за унапредување на административен службеник

1. По интерниот оглас број 1/2018 за унапредување на административни службеници во Министерството за финансии, објавен на веб страната на Министерството за финансии и Агенцијата за администрација, од предложената ранг листа за работното место Советник за облигациони и имотно-правни прашања, Одделение за облигациони работи и прашања поврзани со имотно правни побарувања на граѓани на РМ во странство, Сектор за нормативно-имотно правни и облигациони работи, Управа за имотно правни работи - 1 извршител, се избира следниот кандидат:

- Магдалена Бабановска Талески.

2. Државниот секретар на министерството за финансии во рок од 5 дена по конечноста на одлуката, ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на оваа одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

На веб страната на Министерството за финансии и Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас за унапредување на административни службеници во Министерството за финансии, во кој како едно од работните места беше објавено и работното место Советник за облигациони и имотно-правни прашања, Одделение за облигациони работи и прашања поврзани со имотно правни побарувања на граѓани на РМ во странство, Сектор за нормативно-имотно правни и облигациони работи, Управа за имотно правни работи - 1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници во Министерството за финансии, формирана со Решение бр. 19-6811/87 од 09.11.2018 година, спроведе административна селекција и изготви Записник заведен под бр. 04-7303/1 од 09.11.2018 година, по што комисијата спроведе интервју и за истото состави Записник заведен под бр. 04-7303/2 од 12.11.2018 година.

Комисијата врз основа на бодовите од административната селекција и бодовите од интервјуто содржани во Записникот заведен под бр. 04-7303/2 од 12.11.2018 година, изготви предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат и истата ја достави до државниот секретар.

Согласно со член 52 став 1 од Законот за административни службеници „Во рок од три дена од добивањето на предлогот секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, е должно да донесе одлука за избор".

Согласно со член 52 став 6 од истиот закон „Секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на административниот службеник".

Имајќи го во вид горенаведениот член, државниот секретар одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена.

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатот;
- персоналното досие;
- Архивата на Министерството.

Елена Трпковска
Државен секретар

Изработил: Лилијана Стојановска
Проверил: Михајло Михајловски
Согласен: Татјана Весева
Одобрил: Гордана Сусулеска Итиќ

Проверил: м-р Татјана Трајковска/Тања Таневска Лазаревска